**Друштво за производство и трговија "БулМак 2016" д.о.о.е.л. Пробиштип**
"Јаким Стојковски 2", Пробиштип, Република Македонија

До:
**Единици на Локална Самоуправа:**
***- Општина Пробиштип***
***- Општина Крива Паланка***

**Предмет: Известување за тековни активности**

## Подготвителни работи пред почеток на пробното производство во рудниците "Тораница" и "Злетово"

*Се работи на Административно - Техничките процедури и постапки за непречен почеток со работа на двата рудника*

***Софија/Пробиштип, 07.06.2016***

Во фазата после спроведувањето на тендерската постапка и уплатата на средствата на име "концесија" кон Буџетот на Р.М. во висина од 122.681.659,00 денари, од кои 72.051.130,00 денари за локалитет "Злетово" и 50.630.529,00 денари за локалитетите "Тораница", "Сокол", "Бачило" и "Средно" брдо или приближно 2 милиони Евра, во тек се интензивните работи за преземање на административно – техничките сегменти од работата на двата рудника.

**Тим од експерти** во координација со Стечајниот Управник на "Тораница" и "Злетово" во моментов работи на анализа на фактичката состојба и ги уредува правно – формалните процедури за добивање дозволи и решенија од надлежните државни Институции, потребни за почеток на непречена работа на рудниците. Согласно Законските прописи и регулатива, концесионерот има обврска комплетно да се здобие со документација, со која ќе може оперативно да започне со експлоатацијата на рудниците.

Со оглед на комплексноста на проблематиката и потребното време за одговор од Институциите, "Минстрој" преку сопствената компанија во Република Македонија – носител на концесијата "БулМак 2016" планира веднаш по уредувањето на административните документи да започне со пробна работа на рудниците.

**Тековно**, на "Рударски Факултет" при Штипскиот Државен Универзитет се прави Главен рударски проект потребен за добивање Дозвола за експлоатација на минерални суровини, кој вклучува дополнителен рударски проект за рестартирање на рудникот. Се подготвува План за управување со отпади студија за оценка на влијанието на животната средина, како и Геодетски Елаборат за посебни намени со катастарски индикации. Истовремено, се работи и на усогласување на сите потребни процедури и документи, во оваа фаза, со надлежните: Министерство за Економија, Единица на Локална Самоуправа - Општина Пробиштип и Министерство за Животна средина.

На терен работат соодветно, групи на тимови од Бугарија и Македонија кои ја подготвуваат документацијата и ја согледуваат фактичката состојба, затекната од претходните Концесионери. Во моментот се води процес за третман на стечајна постапка, каде што очекуваме, како Концесионери, непречено да платиме и го преземеме во владение имотот на рудниците: ходници, јами, административни згради, машини.

Сметаме дека во максимално краток временски рок ќе бидеме формално – правно подготвени, нашите Инженери заедно со дел од вработените во двата рудника да започнат со пробна работа и да ги добиеме првите количини руда, потребни за понатамошни испитувања. Во оваа фаза се анализира и разгледува техничката состојба на рудникот, како и на флотационата фабрика каде веќе е доставена опрема за одржување. Истовремено, се прави и детален временски план за нејзино комплетно рестартирање. А за реализација на сите овие активности, подготвуваме план со опис на работни места со кои планираме објавување на Конкурси за вработување во рудникот.

*“БулМак 2016“*

*www.minstroy.com*

*###*